**Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените**

**ПРОГРАМА ЗА РАБОТА**

**јануари – декември 2016**

Скопје, 2016 година

**СОДРЖИНА:**


| | |
|---|---|
| **ЗАЕДНИЧКИ ПАТИШТА ДО ПРАВОТО НА ЗДРАВЈЕ И ЗАШТИТА НА ПРАВАТА НА ПАЦИЕНТИТЕ** | **3** |

| | |
|---|---|
| Мониторинг и застапување во областа на здравството и социјалната заштита | **4** |
| Родово одговорно буџетирање | **4** |
| Подобрување на транспарентноста и отчетноста на Владата и државните институции | **6** |
| Интегрирање на социјалната отчетност и правното описменување и зајакнување | **8** |
| Јакнење на капацитетите на граѓанските организации за применување на методологијата за социјалната отчетност | **11** |

| | |
|---|---|
| **ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И НА МАЖИТЕ** | **14** |

| | |
|---|---|
| Правна заштита на жените жртви на насилство и дискриминација | **15** |
| Правна заштита на жртвите на вознемирување на работно место | **15** |
| Обезбедување на правни, психолошки и здравствени информации и помош на ранливите категории жени | **16** |

## ЗАЕДНИЧКИ ПАТИШТА ДО ПРАВОТО НА ЗДРАВЈЕ И ЗАШТИТАТА НА ПРАВАТА НА ПАЦИЕНТИТЕ

**Општа цел:** Подобрен е пристапот до услугите за здравствена заштита за жените и Ромите преку примена на методологиите за социјална отчетност и правно описменување и зајакнување.

**Конкретни цели:**

- подобрување на здравјето на Ромите и нивниот пристап до здравствени услуги;
- подобрување на здравјето на жените и нивниот пристап до гинеколошки услуги;
- анализирање на влијанието на јавните политики од областа на здравјето и социјалната заштита врз состојбата на жените, односно анализа на буџетите од родова перспектива;
- подобрување на транспарентноста и одговорноста на државните институции, со посебен акцент на институциите од здравствената и социјалната заштита;
- зајакнување на капацитетите на граѓанските организации за применување на методологиите за социјална одговорност.

## I. МОНИТОРИНГ И ЗАСТАПУВАЊЕ ВО ОБЛАСТА НА ЗДРАВСТВОТО И СОЦИЈАЛНАТА ЗАШТИТА

Во текот на 2016 година ЕСЕ ќе ги продолжи своите досегашни активности за мониторинг и анализа на четирите програми за превентивна здравствена заштита (Програма за активна здравствена заштита на мајките и децата, Програма за систематски прегледи на студенти и ученици, Програма за рана детекција на малигни заболувања со посебен фокус на компонентите за скрининг на карцином на грло на матката и карцином на дојка и Програма за лекување на ретки болести). Овие активности за мониторинг ќе бидат проследени со активности за застапување.

Постапката за мониторинг и анализа на програмската и буџетската имплементација на програмите за превентивна здравствена заштита, во текот на 2016 година ќе се темели на следните клучни активности:

**Подготовка на анализата базирана врз наодите од спроведениот мониторинг врз програмската и буџетската имплементација на четирите програми што беа предмет на работа на ЕСЕ за 2014 и 2015 година**. Анализата ќе биде подготвена врз база на информациите и податоците прибрани во постапката за слободен пристап до информации од јавен карактер и информациите и податоците содржани во јавно достапните документи.

**Развивање на стратегии за застапување за секое прашање од интерес на ЕСЕ**. Документите за застапување ќе ги содржат клучните наоди добиени преку постапката за мониторинг и анализа на програмската и буџетската имплементација на програмите за превентивна здравствена заштита (наведени во точка еден) и анализа на извршувањето на здравствениот буџет на РМ. Подготвените документи ќе содржат клучни препораки за: унапредување на опфатот на децата од ромските заедници со услуги за вакцинација и превентивни здравствени услуги, унапредување на опфатот на жените и жените од ромските заедници и услуги за рана детекција и лекување на болести на репродуктивни органи и унапредување на пристапот до лекови на лицата што имаат ретки болести.

**Проширување на полето на мониторинг и застапување за унапредување на здравјето и здравствената заштита на Ромите**. ЕСЕ, во соработка со партнерските ромски организации, преку спроведување на активности во ромските заедници ќе идентификува дополнителна здравствена политика што предвидува мерки за надминување на некој доминантен проблем (проблем што со сегашните активности не е адресиран) со кој се соочуваат ромските заедници во остварување на правото на здравје и пристапот до здравствената заштита.

## II. РОДОВО ОДГОВОРНО БУЏЕТИРАЊЕ

Анализата на влијанието на јавните политики врз состојбата на жените, односно анализата на буџетите од родова перспектива и во 2016 година ќе го применуваме во однос на повеќе прашања што се предмет на интерес на ЕСЕ. Па така, во 2016 година ќе ги финализираме повеќето од анализите во однос на: пристапот на жените до услугите за репродуктивно здравје; состојбата на лицата/жените што се грижат за тешко болни лица во ромските семејства; спроведување на грантот ОРИО, кој има за цел унапредување на

работата на патронажната служба, односно унапредување на здравјето на мајките и децата; и спроведувањето на Националната стратегијата за семејно насилство 2008 – 2011 година, како еден од облиците на насилство врз жените. Во 2015 година започнавме со две нови анализи, односно анализа за утврдување на трошоците за правна заштита на жените жртви на семејно насилство и буџетирање на корпусот на економски, социјални и културни права, што влијае и врз состојбата и врз статусот на жената. Применувањето на родовото одговорно буџетирање се спроведува со помош на меѓународната експертка Деби Будлендер.

**Подобрен е пристапот на жените до услугите за репродуктивно здравје.** Во 2015 година ЕСЕ формираше работна група составена од релевантни експерти (специјалисти по гинекологија и специјалисти од областа на јавното здравје), која ги утврди клучните проблеми во однос на пристапот на жените до услугите од гинеколошката здравствена заштита. Посебен акцент беше ставен на спроведување на програмите за скрининг, при што вклучените експерти дадоа препораки за унапредување на состојбите. Врз основа на наодите и препораките, ЕСЕ подготви документ и им го достави до надлежните институции во 2015 година. Утврдените проблеми и пречки се суштински и изискуваат системски и долгорочни решенија (зголемување на бројот на матични гинеколози, доктори специјалисти по патологија, доктори специјалисти по социјална медицина, воведување на електронска евиденција и слично). Доколку не се преземат овие мерки, постои опасност во наредните неколку години жените да се соочат со сериозен недостиг од гинеколошки здравствени услуги на примарно ниво. Поради тоа, во 2016 година ЕСЕ ќе продолжи да ја следи состојбата на ова поле. Имено, ќе следиме дали и кои од предложените мерки се прифатени, колку буџетски средства се одвоени за нив и навремено ќе алармираме за проблемите и ќе предлагаме мерки за унапредување на состојбите. Во однос на ова прашање, ЕСЕ ќе продолжи да соработува со работната група на експерти.

**Анализа за неплатената нега за тешко болни лица во ромските семејства.** Во тек на 2015 година ЕСЕ подготви анализа со која го утврди времето што го посветуваат членовите на семејството за нега на тешко болните лица, како и финансиските трошоци поврзани со негата. Врз основа на добиените податоци, во 2016 година ЕСЕ ќе спроведе процес на застапување пред надлежните институции и лица со цел усвојување на мерки од страна на државата за подобрување на состојбата на лицата што се грижат за тешко болните лица во своите домаќинства. ЕСЕ дополнително ќе утврди кои ќе бидат следните чекори за анализа и застапување поврзано со неплатената работа во семејствата.

**Мониторинг и анализа на имплементацијата на ОРИО** (грант за инфраструктурен развој и унапредување на здравствената заштита на мајките и децата). ЕСЕ започна со мониторинг и анализа на имплементацијата на активностите за унапредување на здравствената заштита на мајките и децата и инфраструктурен развој во РМ финансирани преку грантот ОРИО во 2014/2015 година. Во процесот на мониторинг и анализа, ЕСЕ се соочи со низа проблеми при спроведување на постапката за слободен пристап до информации од јавен карактер и прибирање на податоци поврзани со имплементацијата на грантот ОРИО како резултат на ниското ниво на проактивност и реактивност на јавните институции во РМ и Кралството Холандија. Во текот на 2016 година ЕСЕ ќе продолжи да спроведува активности за мониторинг и анализа на

имплементацијата на активностите и буџетот обезбедени преку грантот ОРИО и унапредување на нивото на транспарентност и отчетност на институциите во обезбедувањето на информации и податоци во однос на овој грант.

**Мониторинг на финансирањето на стратегијата за семејно насилство.** Во 2016 година ќе ја финализираме анализата на програмата „Јакнење на националните капацитети за превенирање на семејно насилство", финансиски поддржана од страна на Фондот на ОН за елиминирање на сите форми на насилство. Како резултат на анализата ќе ја утврдиме комплементарноста на активностите предвидени во проектот со активностите предвидени со Националната стратегија за заштита од семејно насилство 2008 – 2011 година. По финализирање на оваа анализа, таа ќе се приклучи кон анализата на заедничката програма на ОН „Зајакнување на националните капацитети за спречување на семејното насилство за периодот 2008 – 2011", финансиски поддржана од Владата на Кралството Холандија. На овој начин ќе добиеме целосна претстава за севкупните активности коишто организациите на ОН во РМ ги преземале во насока на спроведување на стратегијата за заштита од семејно насилство.

**Утврдување на трошоците за правна заштита на жените жртви на семејно насилство.** Оваа година ќе продолжиме со работа на анализата за пресметување на трошоците за правна заштита на жените жртви на семејно насилство. Предмет на анализа се трошоците за правна заштита на жртвите што се обратиле за помош и поддршка во Центарот за правна помош во 2013 година, како година со најголем број жртви. Целта на подготовка на оваа анализа е да се утврди потребниот износ на средства што државата треба да го издвои за да овозможи непречена правна заштита за жените жртви на семејно насилство. Имено, жените жртви на семејно насилство сносат низа трошоци, кои за жал не можат да си ги дозволат поради нивната економска положба.

**Буџетирање на корпусот на економски, социјални и културни права.** ЕСЕ во соработка со странската експертка разви одреден број прашања со кои можат да се бараат информации во однос на прашањето на спроведување на здравствените права на Ромите. Овие прашања беа искористени при подготовка на извештајот во сенка кон одредени меѓународни документи што ЕСЕ ги подготви и ги поднесе во текот на 2015 година. Во 2016 година ЕСЕ ќе има за задача сериозно да развие методологија за следење на принципите на максимално расположливи ресурси (анализа на тоа како монетарната и фискалната политика, задолжувањето и развојната помош влијаат врз состојбите во здравството), прогресивна реализација и недискриминација како основни постулати при подготовка и спроведување на здравствениот буџет.

## III. ПОДОБРУВАЊЕ НА ТРАНСПАРЕНТНОСТА И ОТЧЕТНОСТА НА ВЛАДАТА И ДРЖАВНИТЕ ИНСТИТУЦИИ

Во насока на подобрување на нивото на транспарентност и отчетност на Владата и државните институции, во 2016 година ЕСЕ ќе ги спроведе следните активности:

**Постапка за слободен пристап до информации од јавен карактер, преку примена на одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.** Со цел прибирање на податоци за програмското и буџетското работење на Владата и државните

институции, во текот на 2016 година ЕСЕ ќе поднесе 1 000 барања за слободен пристап до информации од јавен карактер до вкупно 66 иматели на информации од јавен карактер. Во текот на спроведувањето на постапката за слободен пристап до информации од јавен карактер, ЕСЕ ќе ги користи сите расположливи механизми за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер.

**Оценка на реактивната и проактивната транспарентност на Владата и државните институции**. Со цел унапредување на нивото на реактивна и проактивна транспарентност на Владата и јавните институции во обезбедување на информации за програмското и буџетското работење, во текот на 2016 година ќе спроведеме активности за нивна оценка. Нивото на реактивната транспарентност ќе го оценуваме кај 66 државни институции, додека оценката на проактивната транспарентност ќе се спроведе врз работењето на 22 државни институции. Методологијата за оценка на нивото на транспарентност, ЕСЕ ќе ја пренесе на трите ромски партнерски организации што ќе започнат со нејзина примена на локално ниво.

**Учество во процесот на Отворено владино партнерство на национално и меѓународно ниво.** Во текот на 2016 година ЕСЕ ќе продолжи да учествува во работата на работните групи за унапредување на пристапот до информации и ефикасното управување со јавните ресурси (фискална транспарентност) и ќе продолжи да го следи нивото на имплементација на активностите предвидени со двете компоненти од Акцискиот план за Отворено владино партнерство за 2014 – 2016 година.

**Спроведување на кампања за подигнување на јавната свесност за важноста од транспарентно и отчетно работење во фискалниот сектор и потребата од унапредување на нивото на транспарентност и отчетност на државните институции**. Во текот на 2016 година,ЕСЕ ќе развие план и ќе спроведе кампања за информирање на јавноста за тоа што се случува со средствата што тие ги инвестираат во државата, како Владата ги троши средствата на граѓаните и кое е нивото на транспарентност и отчетност на државните институции.

**Утврдување на нивото на транспарентност на Владата и државните институции во спроведувањето на постапките за јавни набавки во областа на здравството и транспарентноста во трошењето на буџетски средства за спроведување на медиумски кампањи од областа на здравството**. Во текот на 2016 година ЕСЕ ќе спроведе постапка за мониторинг и анализа на трошоците за спроведување на јавни набавки и медиумски кампањи од областа на здравството и мерење на нивото на транспарентност во овие области.

**Дополнителни активности за подобрување на нивото на транспарентност и отчетност на Владата и државните институции**. ЕСЕ и во 2016 година ќе работи на обезбедување на материјали и литература од областа на буџетското работење и од областа на транспарентноста и отчетноста во работата на јавните институции на македонски јазик. Воедно, ЕСЕ и во текот на оваа програмска година ќе работи на: олеснување на комуникацијата помеѓу граѓаните и државните институции, промоција на фискалната транспарентност, обезбедување на информации за законската регулатива на национално ниво, обезбедување на буџетски податоци во отворен формат итн. преку

редовно ажурирање на тематската интернет-страница www.fiskalnatransparentnost.org.mk.

## IV. ИНТЕГРИРАЊЕ НА СОЦИЈАЛНАТА ОТЧЕНОСТ И ПРАВНО ОПИСМЕНУВАЊЕ И ОСПОСОБУВАЊЕ

Здружението ЕСЕ од 2011 година ги имплементира концептите на социјална отчетност и правно описменување и зајакнување како две одделни интервенции. Од 2014 година ЕСЕ започна процес на спојување на овие концепти заради зајакнување на нивната работа и остварување на поголем број придобивки за ромското население. Во 2016 година ЕСЕ ќе продолжи со активностите за спојување на двата концепти и унапредување на нивната работа.

**Влезна точка во спојувањето на концептите.** Влезната точка при спојувањето на концептите ќе биде на ниво на ромско домаќинство. Планирано е при влезот да биде пополнет прашалник од страна на сите членови на домаќинството со цел да се процени нивната здравствена состојба, пристапот до здравствените услуги, квалитетот на здравствените услуги и појавата на прекршување на правата на пациентите. За таа цел во 2015 година персоналот на ЕСЕ подготви нацрт-верзија на прашалникот, а во 2016 година прашалникот ќе биде финализиран во процес на соработка со експертите од Универзитетот Џонс Хопкинс (Johns Hopkins) од Балтимор, САД. Заради поефективно спроведување на овој пристап, ЕСЕ и партнерските организации во 2016 година ќе извршат мапирање на ромските заедници каде што ќе се спроведува пристапот, со посебен акцент на најзагрозените ромски населби. При влезот во ромските домаќинства, покрај пополнувањето на прашалникот, на домаќинството ќе му бидат понудени и директни услуги од работата на двата концепта во зависност од составот на членовите на домаќинството и идентификуваните потреби. Исто така, за да се унапреди работата во однос на зајакнување и мобилизација на заедницата, како и да се овозможи поефективно спроведување на прашалникот, ЕСЕ и партнерските организации во 2016 година ќе идентификуваат лица – аниматори коишто ќе учествуваат во овие процеси, а потекнуваат од претходно мапираните ромски заедници. По нивното идентификување, овие лица дополнително ќе бидат обучени. По финализацијата на прашалникот и спроведената обука на аниматорите, прашалникот ќе биде пилотиран во селектираните ромски населби. Пилотирањето на прашалникот ќе овозможи негово понатамошно унапредување. На дополнително утврдени временски периоди, ЕСЕ ќе врши анализа на податоците за да ги утврди приоритетните проблеми и потреби на ромската заедница. Воедно, и самата ромска заедница преку партиципативни методи ќе биде вклучена во селекцијата на приоритетните проблеми што ќе се адресираат со работата во иднина.

**Мониторинг на заедницата.** Во 2016 година ЕСЕ ќе продолжи со спроведување на активностите за мониторинг на заедницата и социјална ревизија за опфат на децата Роми со имунизација и опфат на жените Ромки со превентивни гинеколошки услуги во соработка со три партнерски ромски граѓански организации (КХАМ, ЦДРИМ и РРЦ), кои работат во четири општини (Шуто Оризари, Делчево, Пехчево и Виница). И оваа година ЕСЕ ќе продолжи со обезбедување на техничка помош и координација за ромските граѓански организации што работат на полето на мониторинг на заедницата на локално ниво, додека ромските партнерски организации ќе продолжат со спроведување на

активностите што имаат за цел зголемен опфат на децата Роми со имунизација. На почетокот на 2016 година, ЕСЕ и партнерските организации ќе спроведат истражување во заедницата со цел да се процени опфатот на децата Роми со вакцинација и опфатот на мајките и децата со превентивни здравствени услуги предвидени со Програмата за активна здравствена заштита на мајките и децата и Програмата за систематски прегледи на учениците и студентите. Наодите ќе бидат презентирани во форма на Картички за оценка од заедницата и ќе бидат споделени со неа.

Наодите од мониторингот во заедницата и од мониторингот и анализата на буџетите ќе претставуваат основа за подготовка на стратегиите за застапување. При тоа, ЕСЕ и партнерските ромски организации ќе подготват две стратегии за застапување на национално ниво, односно стратегија за застапување во однос на унапредување на пристапот на мајките и децата Роми до превентивните здравствени услуги и вакцинацијата и стратегија за унапредување на пристапот на жените Ромки до примарната гинеколошка здравствена заштита и Програмите за скрининг на рак на грло на матката и рак на дојка. Исто така, ЕСЕ ќе им даде техничка поддршка на партнерските ромски организации за да подготват стратегии за застапување на локално ниво во однос на истите прашања. По планирањето, ЕСЕ ќе ги координира активностите за застапување на национално ниво, додека активностите за застапување на локално ниво ќе бидат спроведени од страна на партнерските ромски организации со техничка поддршка од страна на ЕСЕ. Во 2015 година ЕСЕ и партнерските организации одлучија активностите за застапување да ги зајакнат со кампањи со алатки за креативен активизам и при тоа беше започнат процес на подготовка на плановите за спроведување на овие кампањи. Во 2016 година плановите ќе бидат финализирани и спроведени како поддршка на главните цели и активности на застапување.

Во 2016 година ЕСЕ и партнерските организации ќе продолжат да ја применуваат методологијата на социјална ревизија за утврдување на опфатот на ромските семејства со посети од страна на патронажните сестри, а воедно ќе започнат да ја применуваат оваа методологија за утврдување на опфатот на жените Ромки со Програмата за скрининг на рак на грло на матката.

Во 2015 година ЕСЕ спроведе две обуки за јакнење на капацитетите на персоналот на партнерските ромски организации што работат на полето на социјална отчетност, па во таа насока и во 2016 година ЕСЕ ќе продолжи да ги спроведува овие обуки, а темите ќе бидат утврдени соодветно на потребите на персоналот на партнерските организации.

Со цел да се координира севкупната работа, вкупно десет координативни состаноци ќе се одржат во текот на годината. На овие состаноци ќе учествуваат вработените во ЕСЕ и претставниците на партнерските организации. Мониторингот на работата на партнерските организации ќе се спроведува преку разгледување на месечните извештаи подготвени од страна на партнерските организации и директните посети на настани организирани од нивна страна. Воедно, ЕСЕ континуирано ќе ги унапредува механизмите за мониторинг и евалуација на работата на партнерските ромски организации.

**Правно описменување и оспособување.** Во 2016 година согласно со новопоставениот интегриран модел, дел од активностите што досега се спроведуваат од страна на

ромските партнерски организации ќе претрпат одредени измени. Активностите што ЕСЕ ги спроведува редовно секоја година во насока на обезбедување на техничка помош и поддршка на овие организации, во 2016 година нема да претрпат суштински измени, освен што ќе бидат соодветно планирани на бројот на параправници, кој во програмската 2015 – 2016 година од седум се зголеми на 15 параправници. Подолу наведените активности ќе се спроведат во 2016 година.

**Обука за параправниците.** Во програмската 2015 – 2016 година ќе се организира една почетна и две еднодневни континуирани обуки. Целта на обуките е да се освежи и да се надгради знаењето на параправниците во областите во кои тие обезбедуваат помош и поддршка. На обуката ќе присуствуваат и новоидентификувани кандидати за параправници (15 вкупно).

**Работилници за справување со стрес.** Со цел да се избегнат негативните последици од изложеност на стрес при решавањето на проблемите со кои секојдневно се справуваат параправниците, во 2015 – 2016 година ќе се организираат вкупно три работилници.

**Ажурирање на Водичот и веб-страницата за човекови права во здравствената заштита (www.healthrights.mk).** Водичот и веб-страницата претставуваат инструмент за информирање и запознавање на различни групи на професионалци и на јавноста за најновите случувања во областа на здравствената заштита, осигурувањето и заштита на правата на пациентите. Па така, овие два инструменти претставуваат и инструменти за запознавање и информирање на параправниците со најновите измени и дополнувања на законската регулатива. За оваа цел, ЕСЕ ќе се претплати на Службен весник и другите електронски бази на законски прописи што ќе овозможат навремено узнавање на законските измени и дополнувања.

**Унапредување на начинот на работење на параправниците.** Начинот на работење на параправниците се темели на користење на повеќе формулари коишто во текот на изминатите години беа подготвени за таа намена. Со примена на новиот интегриран модел планирано е различните видови формулари што се применуваат во моментот да бидат заменети со еден. Со ова ќе се рационализира управувањето со предметите и ќе се овозможи целосно и доследно собирање и документирање на податоците. Соодветно на менувањето на формуларот, изменета ќе биде и електронската база на податоци. Новата база на податоци ќе овозможи анализа на сите прибрани информации, кои ќе послужат за подготовка и издавање на тримесечни билтени.

**Мониторинг и оценување на работата на параправниците.** Мониторингот и оценувањето на работата има за цел обезбедување на квалитет и ефикасност на обезбедената помош и поддршка на локалните заедници. Овие активности ќе се реализираат преку тековната комуникација (телефонска и електронска); изготвување на извештаи (месечни и квартални) и увид во работењето преку надзорни посети (една на три месеци). За секоја спроведена посета ЕСЕ ќе подготви извештај со препораки за унапредување на работењето.

**Консултативни состаноци за идентификување на стратешки случаи за застапување на прекршување на здравствените права.** Ромските партнерски организации, ЕСЕ и три

правни експерти (двајца адвокати и еден судија) ќе бидат присутни на консултативните средби (најмалку три) за идентификување на минимум еден нов стратешки случај и работа на веќе иницираните предмети. Минимум еден нов стратешка случај ќе биде идентификуван, доколку таков биде идентификуван од работењето на партнерските организации. Напоредно, ЕСЕ ќе продолжи да презема активности за преземање на соодветни правни средства во однос на веќе иницираните судски постапки (две).

Освен во однос на применување на интегрираниот модел, партнерските организации ќе бидат поддржани и во однос на обезбедување на одржливост на нивното работење. Имено, досега државата обезбедува значителен износ на средства за граѓанските организации заради обезбедување на различни видови услуги за ранливите и маргинализирани групи. Затоа ЕСЕ ќе продолжи со поддршка на своите партнери во подготовка и поднесување на писмено барање за одобрување и користење на средства од единиците на локалната самоуправа или истражување на други начини за обезбедување на одржливост. Овој вид на поддршка ќе биде обезбеден на барање на партнерските организации.

**V. ЈАКНЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ЗА ПРИМЕНУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНАТА ОТЧЕТНОСТ**

Во текот на 2014 и 2015 година ЕСЕ спроведе низа активности за јакнење на капацитетите на група граѓански организации од РМ на полето на „Здравството, буџетите и транспарентноста“, како и стратешко планирање за градење на критична група на организации што ќе спроведуваат методологии за социјална отчетност и ќе работат во областа на транспарентност и отчетност. Односно, во текот на изминатите години 20 претставници на граѓански организации учествуваа на обука на темите наведени погоре во овој дел од Програмата за работа за 2016 година. Во 2015 година, ЕСЕ во улога на ментор го помогна работењето на две граѓански организации, една од Романија и една од РМ (ХОПС). Во 2016 година ЕСЕ ќе ги спроведе подолу наведените активности.

**Менторство на граѓански организации од РМ.** Во текот на 2016 година ЕСЕ ќе обезбеди менторство за примена на една од методологиите за социјална отчетност на три граѓански организации од РМ. Граѓанските организации се селектирани врз основа на јавен повик за искажување на интерес.

**Менторство на граѓански организации од Романија и од регионот**. Во текот на 2016 година ЕСЕ ќе спроведе активности за јакнење на капацитетите и техничка поддршка на граѓанските организации од Романија и од регионот, коишто започнуваат примена на методологиите за мониторинг во заедницата и социјална ревизија, како и методологијата за мониторинг и анализа на буџети.

**Очекувани резултати:**

- унапредување на опфатот на целните групи од населението со превентивните програми на Министерството за здравство преку подготовка на четири анализи за програмската и буџетската имплементација на Програмата за активна здравствена заштита на мајките и децата, Програмата за систематски прегледи на учениците и

студентите, Програмата за рана детекција на малигни заболувања и Програмата за лекување на ретки болести за 2014 и 2015 година и подготовка на четири стратегии за застапување;

- анализирање на влијанието на јавните политики врз состојбата на жените преку анализа на буџетите од родова перспектива во однос на состојбата на лицата што се грижат за тешко болни лица во своите домаќинства; унапредување на здравствената заштита на мајките и децата; семејното насилство, правната заштита на жртвите на семејно насилство и спроведување на корпусот на економски, социјални и културни права;
- оценување на нивото на проактивна транспарентност на 22 државни институции и нивото на реактивна транспарентност кај 66 државни институции;
- учествување во процесот на Отворено владино партнерство на национално и меѓународно ниво, преку учество во работните групи за подготовка на Акциониот план и преку следење на нивото на негова имплементација;
- спроведување на кампања за подигнување на јавната свесност за важноста од транспарентно и отчетно работење во фискалниот сектор и потребата од унапредување на нивото на транспарентност и отчетност на државните институции;

- утврдување на нивото на транспарентност на Владата и државните институции во спроведувањето на постапки за јавни набавки и трошењето на буџетски средства за спроведување на медиумски кампањи од областа на здравството;
- подобрување на нивото на транспарентност и отчетност на Владата и државните институции преку редовно ажурирање на тематската интернет-страница www.fiskalnatransparentnost.org.mk;
- подготвување на прашалник за проценка на состојбите и потребите на ромските домаќинства во однос на здравствената состојба, социјалните детерминанти што влијаат врз здравјето, пристапот до здравствените услуги и нивниот квалитетот;
- интегрирање на пристапот на социјална отчетност и правно описменување и зајакнување во ромските населби преку влезот во ромските домаќинства;
- утврдување на приоритетните проблеми во однос на здравјето, здравствената заштита и социјалните детерминанти што влијаат врз здравјето со учество на самата заедница преку примена на прашалникот за влез во домаќинствата и партиципативни методи;
- зајакнување на работата на полето на социјална отчетност и правно описменување и оспособување во ромските заедници преку воведување на концепт на работа со обучени аниматори од ромската заедница;
- зголемување на степенот на познавања и информираност на параправниците од областа на здравствената заштита, здравственото осигурување и заштитата на правата на пациенти преку одржување на обуки (почетна и континуирани), работилници за стрес и континуирано обновување и дополнување на содржината на веб-страницата www. healthrights.mk;
- унапредување на начинот на работење и постапување на параправниците преку измени и дополнување на постојните формулари за работа и електронската база на податоци за прибирање на податоци;

- мониторинг и оценување на работењето на параправниците преку разгледување и анализа на месечните и кварталните извештаи, како и директен увид во предметите преку спроведување на четири посети во секоја организација одделно;
- идентификување и застапување на стратешки случаи на прекршување на здравствените права на Ромите;
- зајакнување на капацитетите на три граѓански организации од Македонија и една граѓанска организација од Романија за примена на методологиите на социјална отчетност со менторство од страна на ЕСЕ.

## ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И НА МАЖИТЕ

**Општа цел:** Обезбедување информации, помош и поддршка за ранливите категории на жени, со посебен осврт на обезбедување на адекватна законска заштита за жените жртви на сите форми на насилство и дискриминација.

**Конкретни цели:**

- проценување на степенот на судска заштита што им се обезбедува на жртвите на насилство и дискриминација и зајакнување на капацитетите на судиите за соодветно спроведување на важечките прописи и меѓународно пропишаните стандарди во оваа област (фокус на Конвенцијата CEDAW);
- идентификување на пречките и подготовка на препораките за унапредување, измени и дополнување на законската рамка за заштита;
- зајакнување на капацитетите на граѓанските организации за примена на меѓународните и регионалните механизми за заштита на човековите права на жените и подготовка на случаи за стратешко застапување;
- подобрување на степенот на знаење и разбирање на работниците во однос на правната регулатива и механизмите за заштита на жртвите на психичко и сексуално вознемирување на работното место;
- подготвување на компаративна анализа за законската рамка за вознемирување на работното место и документ за застапување, кој ќе содржи препораки за унапредување на постојната законска рамка;
- обезбедување бесплатна правна помош и судско застапување во предметите за семејно насилство и обезбедување психосоцијална помош, поддршка и третман за жените жртви на семејно насилство;
- обезбедување информации и советување за жените во врска со гинеколошки здравствени проблеми, општи здравствени проблеми, здравствени проблеми поврзани со менопауза и остеопороза, анализа на крвта и обезбедување витамини, лекови и контрацепција.

## I. ПРАВНА ЗАШТИТА НА ЖЕНИТЕ ЖРТВИ НА НАСИЛСТВО И ДИСКРИМИНАЦИЈА

**Проценка на степенот на судска заштита што им се обезбедува на жртвите на насилство и дискриминација и зајакнување на капацитетите на судиите.** Во рамките на оваа цел од проектот во текот на 2016 година ќе бидат преземени следните активности: набљудување на тековните судски предмети поврзани со насилството врз жените; подготовка на нацрт-анализа со препораки за првата година од набљудувањето; организирање на форуми со судиите за дискутирање на наодите и подготовка на препораки за подобрување на судските постапки; подготовка на водичи за судските постапки за жените жртви на насилство.

**Подобрување на националната правна рамка за заштита на жените жртви на насилство.** Во 2016 година по финализирањето на интервјуата со претставниците на министерствата и институциите, врз основа на наодите од интервјуата, фокус-групите и прегледот на националните закони и политики ќе биде подготвена Анализа со препораки за унапредување на националната правна рамка за заштита на жените жртви на насилство и дискриминација.

**Зајакнување на капацитетите на граѓанските организации за примена на меѓународните и регионалните инструменти за заштита на човековите права на жените и подготовка на случаи за стратешко застапување.** Во рамките на оваа проектна цел во текот на 2016 година ќе се обезбедуваат директни услуги за жените жртви на насилство и дискриминација, како и психолошка поддршка преку Центарот за правна помош, кој функционира во ЕСЕ и ќе се работи на јакнење на улогата на граѓанските организации во обезбедување на ефективна правна заштита за жените жртви на насилство. За таа цел ќе биде организирана обука за примена на меѓународните и регионалните механизми за заштита на човековите права, која ќе биде проследена со организирање на две работни средби за идентификување и подготовка на стратешки случаи за застапување.

## II. ПРАВНА ЗАШТИТА НА ЖРТВИТЕ НА ВОЗНЕМИРУВАЊЕ НА РАБОТНОТО МЕСТО

Проектот има за цел да го подобри знаењето и разбирањето на работниците во однос на правната заштита на жртвите на вознемирување на работното место. Во оваа насока ќе бидат реализирани три регионални едукативни средби со работници од јавен и приватен сектор, од кои ќе произлезат недостатоците и бариерите со кои се соочуваат работниците при обезбедување на правна заштита во случај на вознемирување на работното место. Дополнително ќе бидат реализирани и две фокус-групи со работници. Воедно, во рамките на овој проект ќе се подготви компаративна анализа на релевантната меѓународна и регионална законска рамка за заштита на жртвите на вознемирување на работното место, како и на постојната национална правна рамка. Врз основа на анализата ќе биде подготвен и документ за застапување, кој ќе содржи препораки за унапредување на законската регулатива во однос на вознемирувањето на работното место.

## III. ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ПРАВНИ, ПСИХОЛОШКИ И ЗДРАВСТВЕНИ ИНФОРМАЦИИ И ПОМОШ ЗА РАНЛИВИТЕ КАТЕГОРИИ ЖЕНИ

**Центар за правна помош (ЦПП) и Психолошко советувалиште за жени жртви на семејно насилство.** Преку работењето на Центарот за правна помош за жртви на семејно насилство им овозможуваме еднаков пристап до правдата на сите ранливи категории на жени, посебно на жртвите на семејно насилство. Бесплатната правна помош (совети, информации, подготовка на правни поднесоци) и судското застапување се обезбедуваат од страна на професионално лице, адвокат. Бесплатно застапување пред суд се обезбедува за жртвите што имаат исклучително неповолен социјален и економски статус. Услугите што се даваат во рамки на ЦПП овозможуваат зголемување на степенот на правна писменост на жртвите на семејно насилство и нивно активно вклучување во процесот на унапредување и заштита на нивните права. Во рамки на здружението функционира и Психолошко советувалиште за жртви на семејно насилство кое им безбедува психосоцијална поддршка и третман на сите жртви на семејно насилство што се подготвени да го прекинат кругот на насилството. Советувалиштето преку професионално лице психолог/терапевт нуди повеќе типови на помош во областите на превенција, советување, кризни и посттрауматски интервенции. Клиенти на советувалиштето се жени жртви на семејно насилство, како и децата кои најчесто се јавуваат како секундарни жртви. Процесот на обезбедување помош и поддршка во советувалиштето се одвива преку редовно одржување на состаноци на индивидуално или на групно ниво.

**Здравствен информативен центар за жени.** Во 2004 беше отворен Здравствениот информативен центар за жени како дел од здружението ЕСЕ со цел да се обезбедат бесплатни, квалитетни и веродостојни информации и советување за жените во врска со гинеколошки здравствени проблеми, менопауза и остеопороза. Со текот на годините беше проширен опсегот на работа на Центарот и притоа се нуди бесплатно тестирање за глукоза, холестерол и триглицериди во крвта и мерење на крвниот притисок. Мотото на центарот е „Зајакнувањето започнува со информирањето“. Врз основа на нашата визија дека сите жени треба да имаат право на слободен избор во врска со своето здравје, репродукција и сексуалност – свет во кој жените ќе го остварат својот потенцијал и ќе практикуваат здрави животни навики, активностите на Центарот ќе ги опфаќаат потребите на жените низ целиот животен циклус (од адолесценција до менопауза). Активностите се спроведуваат преку континуирана работа на Здравствениот информативен центар за жени (информации и советување на жените за гинеколошки здравствени проблеми, општи здравствени проблеми, проблеми поврзани со менопаузата и остеопорозата и анализа на крвта) и организација на јавни настани еднаш во годината за подигнување на јавната свест за конкретни потреби поврзани со здравјето на жените.

**Очекувани резултати:**

- спроведен е судски мониторинг на тековни судски предмети/рочишта;
- подготвена е годишна анализа од процесот на судско набљудување, со препораки за подобрување на судските постапки;
- организирани се два форуми за судии;

- подготвени се водичи и зголемено е нивото на информираност на жените жртви за судските постапки за нивна заштита;
- подготвена е анализа на законската рамка за заштита на жените жртви на насилство, со препораки за унапредување на постојната законска рамка согласно со конкретните потреби за секоја ранлива група;
- обезбедена е бесплатна правна помош и совети на околу 270 жени жртви на насилство и дискриминација;
- организирана е обука за 20 претставници на граѓанските организации и зголемување на нивното знаење за меѓународните и регионалните механизми за заштита на човековите права;
- подобрени се знаењата и разбирањата кај работниците за законската регулатива и механизми за заштита во случаи на вознемирување на работното место;
- подготвена е компаративна анализа за законската регулатива во однос на појавата на вознемирување на работното место и подготвен е документ за застапување со препораки за нејзино унапредување;
- обезбедена е психосоцијална поддршка за 30 жени жртви на семејно насилство;
- обезбедени се здравствени информации и обезбедени се директни услуги (брза анализа на крв за гликемија и ниво на холестерол и триглицериди; мерење на крвниот притисок) за 40 жени.